**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav



# Табела на инвалидитет за одредување на трајна загуба на општата работоспособност поради несреќен случај



Врз основа на член 18 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и член 17 од Посебните услови за осигурување на ученици од средни училишта и студенти од последици на несреќен случај, составен дел на овие услови и на секој поединечен договор за осигурување од незгода е и Табелата на инвалидитет за одредување на трајната загуба на општата работоспособност поради несреќен случај (незгода).
За одредување на степенот на трајна загуба на општата работоспособност за сите осигурувања од незгода, се користат исклучиво одредбите од оваа табела.

## РОКОВИ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ИНВАЛИДИТЕТОТ

Степенот на трајна загуба на општата работоспособност (во понатамошниот текст: инвалидитет) се одредува најмалку 3 месеци по завршеното лекување кога последиците од повредата се стабилни, освен ако не е поинаку одредено, посебно во одделни точки од табелата.

## ВОВЕДНА ОДРЕДБА

Субјективните тегоби, вкочанетост, намалување на моторичката мускулна сила, болки и отоци на местото на повредата, при одредување на процентот на трајна загуба на општата работоспособност, не се земаат во обзир. Исти последици од повредата не се оценуваат по различни точки, туку се избира онаа оценка која е поповолна за осигуреникот и носи поголем процент на инвалидитет.

## I. ГЛАВА

%

1. Дифузни повреди на мозок со клинички утврдена слика:
   - децеребрација
   - хемиплегија со афазија и агнозија
   - деменција (Корсаковљев синдром)
   - Паркинсонов синдром со изразено закочени движења на сите екстремитети
   - комплетна хемиплегија, параплегија, триплегија, тетраплегија,
   - епилепсија со деменција и психичка детериорација........100
2. Оштетување на мозок со клинички утврдена слика:
   - хемипареза со јако изразен спастицитет,
   - екстрапирамидна симптоматика како последица на повреда на екстрапирамидалните патишта
   - псевдобулбарна парализа со присилно плачење или смеење
   - оштетување на мал мозок со изразени пречки во рамнотежа, од и координација на движења........90
3. Псевдобулбарен синдром........80
4. Епилепсија со чести напади и карактерни промени на личноста........70
5. Дифузни контузии на мозок со клинички евидентирани последици на психоогрански синдром........до 50
6. Хемипареза или дисфазија:
   а) лесен степен........30
   б) тежок степен........50
7. Оштетување на малиот мозок со адиодохокине и/или асинергија........40
8. Епилепсија со ретки напади........20 до 30
9. Контузиски повреди на мозок:
   а) постконтузионален синдром по утврдена контузија на мозок........20
   б) состојба по трепанација на череп и/или кршење на черепното дно или черепот, рентгенолошки утврдено........10
10. Посткомоционален синдром после потрес на мозок утврден во болница во првите 24 часа после незгодата........3

**Посебни услови:**

**1. За потрес на мозок кој не бил утврден во болница, инвалидитетот не се признава.**
**2. Сите облици на епилепсија мора да бидат утврдени во болница со современи дијагностички методи.**
**3. Последиците од потрес на мозок и контузии на мозокот мора да бидат докажани со сликовна метода (MRI, CT, PET)**
**4. Оценките на инвалидитетот по точките 5 и 10, меѓусебно се исклучуваат.**

**Инвалидитетот под точка 9 а) не се зема во обзир заедно со останатите точки од поглавје I.**
**За сите случаи од ова поглавје се признава инвалидитет, кога ќе поминат најмалку 10 месеци од незгодата.**

11. Губење на коса кај мажи:
    а) третина од косата........5
    б) половина од косата ........15
    в) цела коса........30

**Напомена: Кај мажите кои веќе претходно биле ќелави, инвалидитетот се одредува аналогно, како унаказеност.**

12. Губење на косата кај жени:
    а) третина од косата........10

б) половина од косата ... 20
в) цела коса ... 40

## II. ОЧИ %

13. Потполна загуба на видот на двете очи ... 100
14. Потполна загуба на видот на едно око ... 33
15. Ослабување на видот на едно око:
 - за секоја десетина намалување на видот ... 3,33
16. Диплопија - како трајна и ирепарабилна последица од повреда на око ... до 5
17. Загуба на очните леќи
 а) еднострана афакија ... 20
 б) двострана афакија ... 30
18. Делумна повреда на мрежницата и стаклестото тело:
 а) делумен испад на видното поле како последица на посттрауматско одвојување на мрежницата (ablation retinae) ... 5
 б) opacitates corporis vitrei како последица на трауматско крварење на окото ... 5
19. Мидријаза како последица на директна повреда на окото ... 5
20. Потполна внатрешна офталмоплегија ... 10
21. Повреди на солзниот апарат и очните капаци:
 а) епифора ... 5
 б) ентропија, ектропија ... 5
 в) птоза на капаците ... 5
22. Еднострано концентрично стеснување на видното поле по надворешни изоптери:
 а) до $50^0$ ... 5
 б) до $30^0$ ... 15
 в) до $5^0$ ... 30
23. Хомонимна хемианопсија ... 30

**Посебни услови:**

**1. Повредите на очи под точките 17, 18, 19 кои имаат за последица и слабеење на видот не се собираат со оценките по точка 15, туку се избира онаа оценка која е поповолна за осигуреникот т.е. онаа точка која носи поголем процент на инвалидитет.**

## III.УШИ %

24. Потполна глувост на двете уши со сочувана калорична реакција на вестибуларниот орган ... 40
25. Потполна глувост на двете уши со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган ... 60
26. Ослабен вестибуларен орган со сочуван слух ... 5
27. Потполна глувост на едно уво:
 а) со сочувана калорична реакција на вестибуларниот орган ... 15
 б) со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган ... 20
28. Обострана наглувост со сочувани калорични реакции на вестибуларниот орган на двете страни со загуба на слухот според Fowler - Sabine:
 а) 20 до 30% ... 5
 б) 31 до 60% ... 10
 в) 61 до 85% ... 20
29. Обострана наглувост со згаснати калорични реакции на вестибуларниот орган со загуба на слухот според Fowler - Sabine:
 а) 20 до 30% ... 10
 б) 31 до 60% ... 20
 в) 61 до 85% ... 30
30. Еднострана тешка наглувост со сочувана калорична реакција на вестибуларниот орган со загуба на слухот на ниво од 90 до 95 децибели ... 10
31. Еднострана тешка наглувост со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган со загуба на слухот на ниво од 90 до 95 децибели ... 15
32. Повреда на ушите:
 а) делумна загуба или делумна деформација ... 5
 б) потполна загуба или потполна деформација ... 10

## IV. ЛИЦЕ %

33. Повреда на коски на лицето зараснати со деформација и/или лузни на лицето поголеми од 2 cm:
 а) полесен степен ... до 5
 б) потежок степен ... од 6 до 10
34. Ограничено отворање на устата после кршење на виличните коски:
 а) простор помеѓу горните и долните заби до 4 cm ... 5
 б) простор помеѓу горните и долните заби до 3 cm ... 15
 в) простор помеѓу горните и долните заби до 1,5 cm ... 30
35. Дефекти на вилицата, јазикот или непцата со функционални пречки:
 а) полесен степен ... 10
 б) потежок степен ... 20
36. Загуба на трајните здрави заби:
 а) до 16, за секој заб ... до 1
 б) од 17 или повеќе, за секој заб ... до 1,5

**Посебни услови:**

**1. За оштетување на поправен или заменет заб, инвалидитетот не се признава.**

**2. За оштетување на забната корона со сочувана пулпа, се признава половина од вредноста одредена под точка 36 а) и б).**

37. Пареза на фацијалните нерви после фрактура на темпоралните коски или по повреда на соодветните паротидни регии:
   а) полесен степен ... до 5
   б) потежок степен со контрактура и тикови на мимичката мускулатура ... 20
   в) парализа на фацијалните нерви ... 30

**Посебни услови:**

**1. Инвалидитетот се одредува по завршеното лекување, но не порано од една година после незгодата.**

## V. НОС %

38. Повреда на носот:
   а) делумна загуба на носот ... до 15
   б) загуба на целиот нос ... 30
39. Аносмиа со лабораториски докажана ликвореа ... 5
40. Промена на обликот на носната пирамида со деформација на коските:
   а) лесен степен ... до 5
   б) тежок степен ... до 10

## VI. ДУШНИК И ХРАНОПРОВОД %

41. Повреда на душникот:
   а) состојба по трахеотомија кај виталните индикации после повреда ... 5
   б) стеснување на душникот после повреда на грло и почетниот дел на душникот ... 10
42. Стеноза на душникот, поради што е потребна постојана трахеална канила ... 40
43. Трајна органска засипнатост поради повреда:
   а) со послаб интензитет ... 5
   б) со појак интензитет ... 15
44. Стеснување на хранопроводот:
   а) полесен степен, до половина растојание на луменот ... 10
   б) потежок степен, над половина растојание на луменот ... 20
45. Потполно стеснување на хранопроводот со гастростома ... 60

## VII. ГРАДЕН КОШ %

46. Повреди на ребрата:
   а) кршење на најмногу две ребра, зараснати со дислокација за целата дебелина на реброто или скршување на стернумот зараснат со дислокација ... до 5
   б) кршење на три или повеќе ребра, зараснати со дислокација ... до 10
47. Лузна после оперативен зафат на отворање на градната шуплина, поголема од 10 cm ... 5
48. Намалување на белодробната функција поради сериска фрактура на ребра или продорни повреди на градниот кош, посттрауматски адхезии или поради рестриктивни пречки:
   а) за 20 до 30% ... 15
   б) за 31 до 50% ... 30
   а) за 51 или повеќе ... 45
49. Фистула после емпиема ... 15
50. Хроничен белодробен апсцес ... 30

**Посебни услови:**

**1. Капацитетот на белите дробови се утврдува со повторена спирометрија, а по потреба и со пулмолошка обработка и ергометрија.**

**2. Ако состојбата од точките 46, 47, 49 и 50 е пропратена со пречки на белодробната функција од рестриктивен тип, не се оценува по наведените точки туку по точка 48.**

51. Загуба на една дојка:
   а) на возраст до 50 години ... 10
   б) на возраст над 50 години ... 5
52. Загуба на двете дојки
   а) на возраст до 50 години ... 30
   б) на возраст над 50 години ... 15
53. Тешка деформација на двете дојки:
   а) на возраст до 50 години ... 10
   б) на возраст над 50 години ... 5
54. Последици од продорни повреди на срце и големи крвни садови на градниот кош:
   а) срце со нормален електрокардиограм ... 30
   б) со променет електрокардиограм според останатата способност одредена според NYHA класификацијата ... до 60
   в) крвни садови ... 15
   г) анеуризма на аортата со имплант ... 40
55. Длабоки лузни на телото после изгореници или повреди, кои опфаќаат:
   а) до 10% од телесната површина ... до 5
   б) до 20% од телесната површина ... до 10
   в) над 20% од телесната површина ... 15

**Посебни услови:**

**1. Примерите од точка 55 се пресметуваат со употреба на правилото деветка (шемата е на крајот од табелата)**

**2. Функционалните пречки што ги предизвикуваат изгореници или повреди од точка 55, се оценуваат и по соодветните точки од табелата.**

## VIII. АБДОМЕНАЛНИ ОРГАНИ %

56. Повреди на абдоменалниот ѕид:
    а) состојба после повреда на абдоменалниот ѕид непосредно по незгодата, верифицирана и хурушки згрижена во болница ... 20
    б) рецидив на дијафрагмална хернија по хирушки згрижена дијафрагмална трауматска хернија ... 30
57. Постоперативна хернија после лапаротомија ... до 10
58. Оперативна лузна после лапаротомија без последици на органите во абдоменалната шуплина ... 5
59. Повреди на црева и/или црн дроб, слезина, желудник:
    а) со шиење или лепење ... 15
    б) повреда на црева и/или желудник со ресекција ... 20
    в) повреда на црн дроб со ресекција ... 30
60. Загуба на слезина (Splenectomia):
    а) на возраст до 20 години ... 25
    б) на возраст над 20 години ... 15
61. Повреда на панкреасот со ресекција, во склад со функционална последица ... до 20
62. Anus praeternaturalis:
    а) на тенко црево ... 60
    б) на дебело црево ... 50
63. Fistula stercoralis ... 30
64. Траен prolapsus recti ... 20
65. Inkontinentija alvi по докажана повреда на аналниот сфинктер ... 40

**Посебни услови:**

1. **Оценката на инвалидитетот по точките 59, 60, 61 и 62 не се собира со оценката наведена под точка 58.**

## IX. УРИНАРНИ ОРГАНИ %

66. Загуба на едниот бубрег со нормална функција на другиот ... 30
67. Загуба на едниот бубрег со оштетена функција на другиот:
    а) со полесен степен, до 50% оштетена функција ... 50
    б) со потежок степен, над 50% оштетена функција ... до 80
68. Функционални повреди на едниот бубрег:
    а) со полесен степен, до 50% оштетена функција ... 15
    б) со потежок степен, над 50% оштетена функција ... 20
69. Функционални последици на двата бубрега:
    а) со полесен степен, до 50% оштетена функција на двата бубрега ... 30
    б) со потежок степен, над 50% оштетена функција на двата бубрега ... 60
70. Пречки при уринирање поради трајно стеснување на повредени мочни канали (уретри) ... 20
71. Потполна инконтинентија урина поради оштетување на надворешниот уретрален сфинктер ... 30
72. Посттрауматски трајни уринарни фистули на мочните канали, мочниот меур или уретри ... 40
73. Оштетување на мочниот меур со уродинамично намалување на капацитетот:
    а) до 50% намален капацитет ... 10
    б) над 50% намален капацитет ... 30
74. Неуроген меур докажан неурофизиолошки ... 20

## X. МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛОВИ ОРГАНИ %

75. Загуба на еден тестис:
    а) на возраст до 60 години ... 15
    б) на возраст над 60 години ... 5
76. Загуба на двата тестиси:
    а) на возраст до 60 години ... 40
    б) на возраст над 60 години ... 20
77. Загуба на пенисот:
    а) на возраст до 60 години ... 50
    б) на возраст над 60 години ... 30
78. Деформација на пенисот
    а) со оневозможена кохабитација, до 60 години ... 50
    б) со оневозможена кохабитација, над 60 години ... 30
79. Докажана импотенција поради оштетени нерви на карличното дно:
    а) на возраст до 60 години ... 30
    б) на возраст над 60 години ... 10
80. Загуба на матка и јајници до 55 години старост:
    а) загуба на матка ... 30
    б) загуба на секој јајник ... 15
81. Загуба на матка и јајници после 55 години старост:
    а) загуба на матка ... 10
    б) загуба на секој јајник ... 5
82. Оштетување на вулвата и/или вагината кое оневозможува кохабитација:
    а) на возраст до 60 години ... 50
    б) на возраст над 60 години ... 15

## XI. ‘РБЕТ

%

83. Повреда на ‘рбетот со трајно оштетување на ‘рбетниот мозок (тетраплегија, триплегија, параплегија) со оневозможена контрола за дефекација и уринирање ... 100
84. Повреда на ‘рбетот со трајно оштетување на ‘рбетниот мозок (тетрапареза, трипареза) со сочувана контрола за дефекација и уринирање ... 90
85. Повреда на ‘рбетот со параплегија без пречки при дефекација и уринирање ... 80
86. Повреда на ‘рбетот со пареза на долните екстремитети:
    а) со полесен степен ... до 30
    б) со потежок степен ... 50

**Посебни услови:**

1. **Во случај на успешна рехабилитација после оштетување на ‘рбетниот мозок, се признава до 20% траен инвалидитет.**
2. **За случаите по точките 83 до 86 се одредува инвалидитет по завршеното лекување, но не порано од две години по несреќата.**

87. Намалена подвижност на ‘рбетот поради фрактура на корпусот на најмалку два соседни пршлени, со промена на правецот на ‘рбетот (кифоза, гибус, сколиоза):
    а) со полесен степен ... до 20
    б) со среден степен ... 30
    в) со потежок степен ... 40
88. Ограничена подвижност на ‘рбетот после повреда на корпусот на цервикалниот ‘рбетен сегмент:
    а) со полесен степен ... до 10
    б) со среден степен ... 20
    в) со потежок степен ... 30
89. Ограничена подвижност на ‘рбетот после повреда на корпусот на торакалниот ‘рбетен сегмент:
    а) со полесен степен ... до 5
    б) со среден степен ... 10
    в) со потежок степен ... 15
90. Ограничена подвижност на ‘рбетот после повреда на корпусот на лумбалниот ‘рбетен сегмент:
    а) со полесен степен ... до 10
    б) со среден степен ... 20
    в) со потежок степен ... 30
91. Сериски фрактури на 3 или повеќе спинални продолжетоци ... 5
92. Сериски фрактури на 3 или повеќе попречни продолжетоци ... до 10

**Посебни услови:**

1. **При повреда на ‘рбетот без оштетување на коскената структура, се признава 1/2 од соодветниот процент на инвалидитет по точките 88, 89 и 90 само во случај ако со функцоналнo RTG сликање е докажана промена помеѓу корпусите на пршлените поголема од 3 mm.**
2. **Во случај на фрактура на најмалку два корпуси на пршлени, два различни сегменти од тораколумбалниот предел (TH11, TH12, L1 и L2), трајниот инвалидитет се оценува по точка 87.**
3. **Оценките по точките 91 и 92 не се собираат со останатите точки од поглавјето XI.**

## XII. КАРЛИЦА

%

93. Повеќекратна фрактура на карлица зарасната со дислокација на скршениците или зглобовите (SI или симфиза) ... 30
94. Стабилна фрактура на карлица зарасната со дислокација на скршениците или зглобовите ... 5
95. Незарасната скршеница во пределот на карлицата ... 15
96. Состојби по фрактура на крстната коска во подрачјето на SI зглобовите зарасната со дислокација ... 10
97. Тртна коска:
    а) фрактура на тртна коска, зарасната со дислокација или оперативно отстранет скршен фрагмент ... 5
    б) оперативно отстранета тртна коска ... 10

**Посебни услови:**

1. **За фрактури на карличните коски кои зараснале без дислокација, не се признава инвалидитет.**

## XII. РАЦЕ

%

98. Загуба на двете раце или дланки ... 100
99. Ексартикулација на рака од рамо ... 70
100. Загуба на рака во делот на надлактицата или зглобот на лактот ... 65
101. Загуба на рака во делот на подлактицата ... 60
102. Загуба на една дланка ... 55
103. Загуба на сите прсти на двете раце ... 90
104. Загуба на палец ... 15
105. Загуба на показалец ... 12
106. Загуба на среден, до мал и мал прст:
    а) среден прст ... 9
    б) до мал и мал прст, за секој прст ... 6
107. Загуба на цели метакарпални коски на палецот ... 6
108. Загуба на цели метакарпални коски на показалецот ... 4
109.Загуба на цели метакарпални коски на средниот, до малиот или малиот прст, за секој прст ... 3

**Посебни услови:**

1. **За загуба на еден член од палецот се признава половина, а за загуба на еден член од останатите прсти, 1/3 од инвалидитетот одреден за целосна загуба на прстот.**
2. **Делумна загуба на коскениот дел на членот се оценува како целосна загуба на членот.**

## XIV. НАДЛАКТИЦА

| | % |
|---|---|
| 110. Анкилоза на рамениот зглоб | 30 |
| 111. Ограничена подвижност во рамениот зглоб после фрактура на коскената структура: | |
| а) полесен степен | до 10 |
| б) среден степен | 15 |
| в) потежок степен | 20 |
| 112. Ограничена подвижност во рамениот зглоб по докажана руптура на ротаторната манжета | 5 |
| 113. Лабавост на рамениот зглоб со коскен дефект на зглобните тела | 30 |
| 114. Клучна коска:. | |
| а) фрактура зарасната со дислокација | 5 |
| б) псевдоартроза на клучната коска | 10 |
| 115. Делумно истегнување (сублуксација) на акромиоклавикуларниот или стерноклавикуларниот зглоб видливо на RTG слика | 5 |
| 116. Потполно истегнување на акромиоклавикуларниот или стерноклавикуларниот зглоб видливо на RTG слика | 10 |
| 117. Руптура на мускулот на надлактицата, докажана со UZ анализа, со функциски пречки | 2 |
| 118. Ендопротеза на рамениот зглоб | 30 |
| 119. Псевдоартроза на надлактица | 15 |
| 120. Хроничен остеомиелитис на коските на горните екстремитети со фистула | 10 |
| 121. Парализа на нерви accesorius | 15 |
| 122. Парализа на брахијалниот плексус, докажана со радикулографија или MEP: | |
| а) авулзија на корените на брахијалниот плексус | 5 |
| б) авулзија на 2-4 корени на брахијалниот плексус | 45 |
| в) оштетување на комплетниот брахијален плексус | 60 |
| 123. Парализа на аксиларниот нерв | 15 |
| 124. Парализа на радијалниот нерв | 30 |
| 125. Парализа на нерв medianus | 35 |
| 126. Парализа на нерв ulnaris | 30 |
| 127. Парализа на два нерва на едната рака | 50 |
| 128. Парализа на три нерви на едната рака | 60 |

**Посебни услови:**

**1. За пареза на нервите се признава максимум до 2/3 од инвалидитетот, кој е погоре наведен за парализа на дотичниот нерв.**

**2. За случаите по точките 121 до 128 се одредува инвалидитет после лекување, но не порано од 2 години по незгодата, со приложени свежи EMG наоди.**

## XV. ПОДЛАКТИЦА

| | % |
|---|---|
| 129. Анкилоза на зглобот на лактот | 25 |
| 130. Ограничена подвижност на лактот по фрактура на коскената структура, во споредба со здравата рака: | |
| а) полесен степен | до 10 |
| б) среден степен | 15 |
| в) потежок степен | 20 |
| 131. Лабавост на лактот | 20 |
| 132. Ендопротеза на лактот | 25 |
| 133. Псевдоартроза на двете коски на подлактицата | 30 |
| 134. Псевдоартроза на радиус | 15 |
| 135. Псевдоартроза на улна | 15 |
| 136. Анкилоза на подлактица во супинација | 25 |
| 137. Анкилоза на подлактица во средна положба | 15 |
| 138. Анкилоза на подлактица во пронација | 20 |
| 139. Ограничена супинација и пронација на подлактицата: | |
| а) полесен степен | 5 |
| б) среден степен | 10 |
| в) потежок степен | 15 |

**Посебни услови:**

**1. Поради намалување на само едно движење се признава 1/2 од соодветниот инвалидитет по точка 139.**

| | |
|---|---|
| 140. Анкилоза на рачниот зглоб | 25 |
| 141. Ограничена подвижност на рачниот зглоб | |
| а) полесен степен | до 5 |
| б) среден степен | до 10 |
| в) потежок степен | 15 |
| 142. Ендопротеза на навикуларни и/или лунарни коски | 20 |
| 143. Ендопротеза на рачниот зглоб | 25 |

**Посебни услови:**

**1. Псевдоартроза на навикуларни и/или лунарни коски, се оценува по точка 141.**

## XVI. ПРСТИ

| | % |
|---|---|
| 144. Анкилоза на сите прсти на едната рака | 40 |
| 145. Анкилоза на целиот палец | 15 |
| 146. Анкилоза на целиот показалец | 9 |
| 147. Целосна анкилоза на средниот и малиот прст: | |
| а) целиот среден прст | 6 |
| б) до мал и мал прст, за секој прст | 4 |

**Посебни услови:**

**1. За целосна анкилоза на еден зглоб на палец се признава половина, а за целосна анкилоза на еден зглоб на останатите прсти, третина од инвалидитетот одреден за загуба на тој прст.**

148. Фрактура на метакарпалните коски:
   а) неправилно зарасната фрактура I на метакарпалните коски ... 4
   б) за останатите метакарпални коски II, III, IV и V за секоја коска ... 3
149. Неправилно зарасната Бенетова фрактура на палец ... 5
150. Фрактура на прстите од 2 до 5 зарасната со ангулација на прстите ... 2
151. Ограничена подвижност на дистален или базален член на палец:
   а) полесен степен ... 3
   б) потежок степен ... 6
152. Ограничена подвижност на одделни зглобови на показалецот:
   а) полесен степен, за секој зглоб ... 1,5
   б) потежок степен, за секој зглоб ... 2,5
153. Ограничена подвижност на одделни зглобови:
   А) Среден прст:
      а) полесен степен, за секој зглоб ... 1
      б) потежок степен, за секој злоб ... 2
   Б) До мал или мал прст:
      а) полесен степен, за секој зглоб ... 0,5
      б) потежок степен, за секој злоб ... 1

**Посебни услов:**

**1. За различни последици на ист зглоб, процентите по одделни точки не се собираат. Инвалидитетот се одредува по онаа точка која е најповолна за осигуреникот.**

**2. Збирот на процентите за анкилоза и/или ограничена подвижност на одделни зглобови на еден прст не може да биде поголем од процентот одреден за целосна анкилоза на тој прст.**

## XVII. НОЗЕ

%

154. Загуба на двете нози над колена ... 100
155. Ексартикулација на нога во колк ... 70
156. Загуба на нога над колено или во зглобот на коленото ... 55
157. Загуба на двете нозе под колена ... 80
158. Загуба на нога под колено ... 45
159. Загуба на двете стопала ... 80
160. Загуба на едно стопало ... 35
161. Загуба на стопала во Чопартова линија со ограничена подвижност на скочниот зглоб ... 35
162. Загуба на стопала во Лисфранцова линија со ограничена подвижност на скочниот зглоб ... 30
163. Трансметатарзална ампутација со ограничена подвижност на скочниот зглоб ... 25
164. Загуба на цели I или V метатарзални коски ... 5
165. Загуба на цели II, III, IV метатарзални коски, за секоја коска ... 3
166. Загуба на сите прсти на една нога ... 20
167. Загуба на палецот на нога:
   а) загуба на крајниот член од палецот ... 5
   б) загуба на целиот палец ... 10
168. Загуба од II до V прст на ногата, за секој прст ... 2,5
169. Делумна загуба од II до V прст на ногата, за секој прст ... 1

## XVIII. БЕДРА

%

170. Анкилоза на колк ... 35
171. Анкилоза на двата колка ... 70
172. Нерепонирано истегнување на колк ... 40
173. Псевдоартроза на вратот на коските од бедрата со скратување на нозете ... 45
174. Деформирачка артроза на колк после повреда на зглобните тела со ограничена подвижност:
   а) полесен степен ... до 15
   б) среден степен ... 20
   в) потежок степен ... 30
175. Ендопротеза на колк ... 30
176. Ограничена подвижност на колк без деформирачка артроза:
   а) полесен степен ... до 10
   б) среден степен ... 15
   в) потежок степен ... 25
177. Псевдоартроза на бедрените коски со евентуално скратување на нозете ... 40
178. Неправилно зарасната фрактура на бедрените коски со ангулација или ротација:
   а) за 10 до 20 степени ... до 10
   б) за повеќе од 20 степени ... 15
179. Хроничен остеомиелитис на коските на долните екстремитети со фистула ... 10
180. Големи и длабоки лузни во мускулите на надколеницата и потколеницата како и трауматска хернија на мускулите на бедрата и потколеницата, без функциски пречки во зглобовите ... до 10
181. Руптура на мускулите, докажана со UZ наод, со функциски пречки ... 2

182. Циркулациски промени по пенетрални повреди на големи крвни садови во долните екстремитети:
   а) потколеница ... до 10
   б) надколеница ... до 20
183. Скратување или продолжување на нозете после фрактура:
   а) за 2 до 4 cm ... до 10
   б) за 4,1 до 6 cm ... 15
   в) за повеќе од 6 cm ... 20

## XIX. ПОТКОЛЕНИЦА %

184. Анкилоза на колена ... 35
185. Деформирачка артроза на колена по оштетување на зглобните тела - верифицирано ренгенолошки со ограничена подвижност:
   а) полесен степен ... 15
   б) среден степен ... 20
   в) потежок степен ... 30
186. Ограничена подвижност на колената по фрактура на зглобните тела:
   а) полесен степен ... до 10
   б) среден степен ... 15
   в) потежок степен ... 20
187. Лабавост на колената по руптура на капсулите и/или лигаментарниот апарат во споредба со здраво колено тестирано по Nosberger:
   а) лабавост во една насока (странични или крстни врски) ... до 10
   б) лабавост во двете насоки (странични или крстни врски) ... 15
188. Делумно отстранување на оштетен менискус ... 2,5
189. Отстранување на оштетен менискус во целост ... 5
190. Ендопротеза на колена ... 30
191. Слободно зглобно тело со функциски пречки ... 5
192. Отстранување на patele со евентуална функциска грешка:
   а) делумно отстранување на patele ... 5
   б) целосно отстранување на patele ... 15
193. Псевдоартроза на patele со евентуални функциски пречки ... 10
194. Трауматска хондромалација на patele, рентгенелошки верифицирана ... 5
195. Псевдоартроза на tibija ... 30
196. Неправилно зарасната фрактура на потколеница со валгус, варус или рекурватус деформации:
   а) за 5 до 150 ... до 10
   б) за повеќе од $15^0$ ... 20
197. Анкилоза на скочен зглоб ... 30
198. Ограничена подвижност на скочниот зглоб по фрактура на коскената структура:
   а) полесен степен ... до 10
   б) среден степен ... 15
   в) потежок степен ... 20
199. Ендопротеза на скочниот зглоб ... 25
200. Неправилно зараснат прелом малеола со проширување на просторот помеѓу малеолите, RTG верифицирано, со евентуална функциска пречка ... 20
201. Деформација на стопалата: pes excavates, pes planovalgus, pes varus, pes equines со евентуална функциска пречка:
   а) полесен степен ... до 10
   в) потежок степен ... 20
202. Деформација на калканеусот по компресивен прелом со евентуална функциска пречка ... до 20
203. Деформација на талус по прелом со деформациска артроза со евентуални функциски пречки ... до 20
204. Изолиран прелом на тарзалните коски со евентуални функциски пречки ... 5
205. Деформација на една метатарзална коска по прелом за секоја коска (заедно не повеќе од 10%) ... 3
206. Анкилоза на крајниот зглоб на палецот на нога ... 2,5
207. Анкилоза на основниот или двата зглоба на палецот на нога ... 5
208. Анкилоза на основниот зглоб на II до V прст, за секој прст ... 1
209. Деформација или анкилоза на II до V прст во свиткана положба (digitus flexus) за секој прст ... 1,5
210. Лузни на пети или табани после дефект на меките делови:
   а) површина од 1/4 до 1/2 од стопалото ... до 10
   б) површина поголема од 1/2 од стопалото ... до 20
211. Парализа на нерв ishiadicus ... 40
212. Парализа на нерв femoralis ... 30
213. Парализа на нерв tibialis ... 25
214. Парализа нерв peroneus ... 25
215. Парализа на нерв glutealis ... 10

**Посебни услови:**

**1. За пареза на нерви на нозе се признава максимум до 2/3 од инвалидитетот, кој е погоре наведен за парализа на дотичниот нерв.**

**2. За случаите наведени во точките 211 до 215, инвалидитетот се одредува после завршеното лекување, но не порано од 2 години по незгодата.**

**3. За истегнување на скочниот зглоб без докажана руптура на лигаментарниот апарат, трајниот инвалидитет според оваа табела не се признава.**

**4. Анкилоза на интерфалангеалните зглобови на II до V прст во истегната положба, или намалена подвижност на тие зглобови, не претставува инвалидитет.**

## ОЦЕНКА НА ОПЕКОТИНИ СПОРЕД WALLACE-ОВО ПРАВИЛО




### Правило на деветка

- врат и глава 9%
- рака 9%
- предна страна на телото 2x 9%
- задна страна на телото 2x 9%
- нога 2x 9%
- перинеум и генитални органи 1%